## „ЕНГЕЛСОВА НЕДЕЛА“ — Научен собир посветен на осумдесеттодишнината од смртта на Фридрих Енгелс

Од 27 до 31 октомври 1975 година, во организација на Основните организации на СКМ на Филозофско-историскиот и Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, се одржа научен собир посветен на осумдесетгодишнината од смртта на Фридрих Енгелс, еден од основоположниците на учењето за научниот социјализам и еден од најпознатите водачи на меѓународното работничко движење во минатиот век.

Во рамките на оваа манифестација на 27 октомври 1975 год. во 9 часот, во просториите на клубот на Филозофско-историскиот и Филолошкиот факултет беше отворена изложба на книги под наслов „Од Енгелс за Енгелс“. Неа ја отвори Ректорот на Универзитетот „Кирил и Методиј“ академик проф. Димитар Митрев.

Потоа научниот собир го отвори претседателот на Одборот за организација на собирот, проф. д-р Христо Андонов Полјански. Во својот пригоден говор тој ги поздрави присутните гости и учесници на собирот.

Од името на присутните на собирот, од работните луѓе и Основните организации на Сојузот на комунистите на Филозофско-историскиот и Филолошкиот факултет, беше испратена поздравна телеграма до другарот Тито.

Во работниот дел на овој научен собир, повеќе професори и соработници на двата факултета поднесоа свои реферати, исполнети со научни и мошне интересни излагања за животот и делото на Фридрих Енгелс.

Првото предавање на тема „Енгелс — живот и дело“, го одржа проф. д-р Јонче Јосифовски. Во него тој изнесе повеќе моменти од животот на Фридрих Енгелс и даде опстојна анализа на повеќе Енгелсови дела, кои имаат непроценлива вредност за материјалистичкото разбирање на светот.

На 28 октомври 1975 година проф. д-р Митко Илиевски зборуваше на тема „Енгелс и Филозофијата“. Тој се задржа на погледите и учењето на Фридрих Енгелс за дијалектичкото разбирање на филозофијата, со посебен акцент на генијалното учење на Маркс и Енгелс за дијалектичкиот материјализам, цитирајќи го за ова самиот Енгелс:

„Маркс и јас, секако, бевме единствени што ја спасивме од германската идеалистичка филозофија свесната дијалектика и ја пренесовме во материјалистичкото сваќање на природата и историјата“.

Проф. д-р Десанка Миљовска во својот реферат „Фридрих Енгелс и државата“ го изнесе учењето на Енгелс за потеклото, карактерот и суштината на државата како општествена појава и орудие во рацете на владеачката класа за зачувување на нејзините класни позиции. Исто така, таа посебен акцент му даде на учењето на класиците на марксизмот за изумирањето на државата во бескласното комунистичко општество.

Големо интересирање кај слушателите предизвика и предавањето на проф. д-р Ѓорѓи Старде-

лов на тема „Недоразбирањата околу Енгелс“.

На 29 октомври 1975 година проф. д-р Блага Петроска зборуваше на тема „Енгелс и семејството“. Проф. Петроска низ делата на класиците на марксизмот, посебно низ делото на Енгелс „Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата“ ги разгледа погледите на Енгелс за потеклото на семејството, односите во семејството и бракот во сите етапи од општествениот развиток, почнувајќи од првобитната заедница до комунистичкото општество. Оваа секогаш интересна и актуелна тема предизвика големо интересирање.

Проф. д-р Христо Андонов-Полјански поднесе реферат на тема „Енгелс и историјата“. Во него проф. Полјански го истакна големиот придонес на Фридрих Енгелс за основањето на марксистичката историја и за развитокот на историската наука воопшто. Исто така тој нагласи дека Маркс и Енгелс заеднички го поставија научниот фундамент за материјалистичкото разбирање на историјата и за научното марксистичко истражување на историјата. Потоа се задржа на големото интересирање на Енгелс за сите периоди од историскиот развиток: првобитната заедница, робовладетелското, феудалното и буржоаското општество, потоа за ред настани од XIX век, посебно за револуционерните настани во Европа во 1848/49 година. Тој и Маркс се првите историчари на работничкото движење.

Понатаму проф. Полјански го истакна интересот на Енгелс за Балканот и Македонија, за историјата и современите проблеми поврзани со овој дел на Европа, посебно во рамките на Источното прашање. Тоа интересирање особено било забележително во време на Кримската војна (1853—56) и Руско-турската војна од 1877/78 година. На крајот во своето излагање проф. Полјански се задржа на интересот со кој биле читани делата на Маркс и Енгелс од македонските социјалисти и за одгласот на учењето на Маркс и Енгелс во македонскиот социјалистички печат, посебно во „Политическа свобода“ и „Работнически речник“.

Истиот ден беа поднесени уште два реферата. На тема „Енгелс и воената наука“ зборуваше асистентот Кочо Сидовски. Доц. д-р Лилјана Тодорова поднесе реферат „Енгелс — приватно“, во кој изнесе повеќе интересни податоци за животот на Енгелс.

На 30 октомври 1975 година, ас. Ферид Мухиќ зборуваше на тема „Енгелс како револуционер“, при што се задржа на овие три прашања: а) во што е Енгелсовиот придонес за концепцијата за револуцијата, б) во каков однос е неговата концепција за револуцијата со современите концепции за револуцијата и в) каков е ставот на Енгелс кон најреволуционерната класа — пролетаријатот.

„Енгелс и природните науки“ беше наслов на рефератот поднесен од ас. Виолета Панзова. Во него таа се задржа на придонесот на Енгелс за дијалектичкото разбирање на одделни појави и процеси во областа на физиката, математиката, хемијата и др. природни науки.

„За етничките погледи на Енгелс“ зборуваше ас. Кирил Темков.

Посебно интересирање предизвика рефератот на м-р Димитар Гацев, под наслов „Енгелс и лингвистиката“. Тој истакна дека Енгелс покажувал посебно интересирање за лингвистиката. Енгелс активно владеел 12 јазици, а познавал 20. Тој критички се осврнувал на делата на многу лингвисти. Самиот Енгелс во 50-те години од својот живот посебно се посветил на изучувањето на компаративната лингвистика.

На 31 октомври 1975 година м-р Петар Ѓорѓиев зборуваше на тема „Значењето на Енгелсовиот труд: „Положбата на работничката класа во Англија“ за развојот на марксистичката социологија“, при што даде концизна анализа на овој капитален труд на Фридрих Енгелс.

Излагањето на проф. д-р Милан Ѓурчинов „Фридрих Енгелс и литературата“ исто така беше мошне интересно. Во првиот дел од своето излагање проф. Ѓурчинов се задржа накратко на литературните обиди на Енгелс во неговите млади години. Меѓутоа, акцентот во ова предавање беше даден на Енгелс за литературата. Тој се задржа на погледите на Енгелс за литературата, кои се среќаваат во неговата кореспонденција.

На овој научен собир беа поднесени уште два реферата и тоа: „Естетските погледи на Енгелс“ од ас. Кица Барџиева и „Енгелс и нашата современост“ од проф. Стојан Јордановски.

Во своите завршни зборови секретарите на Основните организации на Сојузот на комунистите на двата факултета м-р Бистрица Миркуловска и проф. Бранко Петровски, изразија благодарност на сите референти и учесници во оваа манифестација, подвлекувајќи при тоа дека сè она што беше изнесено во рефератите на овој научен собир ќе има големо значење за науката и културата воопшто.

Посебна благодарност тие му изразија на Организациониот одбор за организирањето на „Енгелсовата недела“.

По завршните зборови, членовите на литературниот клуб „Мугри“ приредија рецитал на југословенската револуционерна поезија. Истиот беше подготвен од ас. Атанас Вангелов.

На крајот по завршувањето на рециталот звуците на Интернационалата го означија крајот на оваа научна и културна манифестација со која беше одбележена осумдесетгодишнината од смртта на Фридрих Енгелс.

На крајот можеме слободно да заклучиме дека исцрпните реферати, поднесени на овој научен собир, сестрано и од сите аспекти ги осветлија личноста и делото на Фридрих Енгелс. Преку нив уште еднаш се согледа величината и универзалноста на овој генијален ум.

**Д. П. и Д. В.**

**Научен собир „ЈАНЕ САНДАНСКИ И МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ“ — Струмица, 3 и 4 ноември 1975 година.**

Во организација на Институтот за национална историја на 3 и 4 ноември 1975 година, во просториите на домот на Југословенската народна армија во Струмица, се одржа научен собир по повод